**20192614040**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КфВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 декември 2019 година.

Бр. 08-6859/1
18 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КфВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ со заем во износ од 80.000.000 евра, наменет за финансирање на Програмата за наводнување на Северна Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Кредитната банка за обнова – КфВ.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

При повлекување на секоја наредна транша се пресметува пондерирана просечна каматна стапка и истата ќе се применува на повлечениот износ од заемот.

Република Северна Македонија ќе и плати на Кредитната банка за обнова – КфВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова – КфВ провизија во висина од 0,10% од неповлечениот дел од заемот од шестиот до 24 месец од датумот на склучување на Договорот за заем. За останатиот период до целосно повлекување на средствата од заемот, Република Северна Македонија ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова – КфВ провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот.

Провизијата од ставот 4 на овој член ќе се плаќа полугодишно.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.